Влада на Република Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Бр. 02-_______________
__.__. 2018 год.

Аминта Трети број 2
1000 Скопје,

Република Македонија

Тел. (02) 3134 477
Факс: (02) 3230 429

Епошта:info@mzsv.gov.mk
Сајт: www.mzsv.gov.mk

Врз основа на член 60–б од Законот за сточарството (,,Службен весник на Р.М” бр. 07/08, 116/10, 23/13, 149/15 и 39/16), а во согласност со дел I мерка 6 од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година (,,Службен весник на Р.М”бр.17/18, 62/18 и 100/18) Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство објавува:

**ЈАВЕН КОНКУРС**
**за дavател на јавни услуги спроведување на мерки и активности од ЗОПОД (Заедничка основна програма за одгледување на добиток) и развојно истражувачки задачи од подрачјето на изведувањето на програмите за одгледување за потребите на ЗОПОД за 2018 година**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Зоотехниката е регулирана согласно законот за сточарството (,,Службен весник на Р.М” бр. 07/08, 116/10, 23/13, 149/15 и 39/16).
Нарачател на јавниот конкурс е Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.
Право на учество на јавниот конкурс имаат овластени субјекти за вршење на јавни услуги од областа на сточарството.
Јавниот конкурс за давател на јавните услуги - спроведување на мерки и активности од ЗОПОД и развојно истражувачки задачи од подрачјето на изведување на програмите за одгледување за потребите на ЗОПОД за 2018 година трае 5 (пет) работни дена од денот на неговото објавување, нерачунајќи ги деновите од државен празник.

## II. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ КОНКУРС

Предмет на јавниот конкурс е донесување на Решение за избор на овластен субјект за давање на услуги за спроведување на мерки и активности од ЗОПОД и развојно истражувачки задачи од подрачјето на изведување на програмите за одгледување за потребите на ЗОПОД за 2018 година.

## III. ВИД НА ЈАВНА УСЛУГА

Спроведување на мерки и активности од ЗОПОД и развојно истражувачки задачи од подрачјето на изведување на програмите за одгледување за потребите на ЗОПОД за 2018 година.
Деловите се деливи и тоа:

- Говедарство
- Овчарство
- Козарство
- Свињарство
- Пчеларство
- Живинарство и
- Коњарство

Јавната услуга за секој од горенаведените делови ги опфаќа следните активности:

**А. <u>Во делот на говедарството:</u>**

1. **Воспоставување и одржување на матично книговодство**

1.1 Воспоставување и одржување на матично книговодство во Признати организации на одгледувачи на говеда (со потполн упис на приплодни грла во матична книга кај секоја Призната организација на одгледувачи) запишани во единствениот Регистар на Признати организации на одгледувачи

2. **Испитувања извршени за утврдување на квалитетот или приносот во говедарството во Призната организација за црно-бели говеда:**

2.1 Контрола на производни особини.
  2.1.1 Контрола на млечност и
  2.1.2 Контрола на квалитет на млеко
2.2 Контрола на репродуктивни особини;
2.3 Контрола на линеарни особини;
2.4 Следење на појавата на дегенеративни особини и
2.5 Селекциска смотра - избор на високо производни грла.

3. **Испитувања извршени за утврдување на генетскиот квалитет или приносот во говедарството во Призната организација за Буша говеда:**

3.1 Контрола на производни особини;
3.2 Контрола на репродуктивни особини;
3.3 Фенотипска карактеризација и
3.4 .Селекциска смотра – екстериерна оцена на машки расплодни грла.

**<u>Б. Во делот на овчарството:</u>**

1. **Воспоставување и одржување на матично книговодство**

1.1 Воспоставување и одржување на матично книговоство во Признати организации на одгледувачи на овци (со потполн упис на производните грла во матична книга кај секоја Призната организација на одгледувачи) запишани во единствениот Регистар на Признати организации на одгледувачи

2 **Испитувања извршени за утврдување на генетскиот квалитет или приносот во овчарството во признатите организации на одгледувачи на овци**

*2.1.* Контрола на производни особини;
  2.1.1 Контрола на млечност и
  2.1.2 Контрола на квалитет на млеко;
*2.2* Контрола на репродуктивни особини;

*2.3* Контрола на екстериер – екстериерни мерки и параметри на виме;
*2.4* Селекциска смотра - избор на виско производни грла.

**В. Во делот на козарството:**

1. **Воспоставување и одржување на матично книговодство**

*1.1* Воспоставување и одржување на матично книговодство во Признатa организација на одгледувачи на кози (со потполн упис на производните грла во матична книга кај секоја Признатa организација на одгледувачи) запишани во единствениот Регистар на Признати организации на одгледувачи

2. **Испитувања извршени за утврдување на генетскиот квалитет или приносот во козарството во признати организации на одгледувачи на кози**

*2.1.* Контроола на производни особини;
2.1.1 Контрола на млечност и
2.1.2 Контрола на квалитет на млеко;
*2.2.* Контрола на репродуктивни особини;
*2.3.* Контрола на екстериер - екстериерни мерки и параметри на виме и
*2.4.* Селекциска смотра - избор на виско производни грла .

**Г. Во делот на свињарството:**

1. **Одржување на матично книговодство**

*1.1* Одржување на матично книговодство во Признати организации на одгледувачи на свињи (со потполн упис на приплодните грла во матична книга кај секоја Признатa организација на одгледувачи) запишани во единствениот Регистар на Признати организации на одгледувачи.
*1.2* Контрола и одржување на педигре базите.

2. **Испитувања извршени за утврдување на генетскиот квалитет или приносот во свињарството во признати организации на одгледувачи на свињи**

2.1. Контрола и следење на производни особини според одгледувачки целиПерформанс тест на назимки - чисторасни и крстоски и
2.3. Контрола и следење на репродуктивни особини според одгледувачки цели .

**Д. Во делот на пчеларството:**

1. **Одржување на матично книговодство**

*1.1* Одржување на матично книговодство во регистрирани одгледувалишта на пчелни матици запишани во единствениот Регистар на одобрени одгледувалишта на пчелни матици.

2. **Испитувања извршени за утврдување на генетскиот квалитет или приносот во пчеларството во одобрени одгледувалишта на пчелни матици**

2.1. Контрола на приносот на мед;
2.2. Контрола на одбранбеното однесување;
2.3. Контрола на роидбеното однесување и
2.4. Контрола на хигиенското однесување.

**Ѓ. Во делот на живинарството:**

1. **Испитувања извршени за утврдување на генетскиот квалитет или приносот кај одгледувачи на лесни јајценосни хибриди живина.**

2. **Добивање на резултати за лесни јајценосни хибриди - комерцијални генотипови и тоа за:**
   - несивост;
   - квалитет на комерцијални јајца за консумација и
   - внатрешен квалитет и цврстина на лушпата.

**Е. Во делот на коњарството:**

**Следење на состојбите кај топлокрвните раси на коњи во Република Македонија.**

## IV. ПОЧЕТОК И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ УСЛУГИ

Извршувањето на јавните услуги - спроведување на мерки и активности од ЗОПОД и развојно истражувачки задачи од подрачјето на изведување на програмите за одгледување за потребите на ЗОПОД е за 2018 година започнуваат од моментот на потпишување на договорот за јавна услуга за секое од деловите одделно.

За секој дел одделно се доставува Извештај за спроведени активности до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство заклучно со 01.12.2018 година [1].

## V. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР

Критериум за избор на овластен субјект за вршење на јавна услуга е исполнување на условите утврдени во Законот за сточарството и Правилникот за поблиските услови за вршење на одделна јавна услуга - спроведување на мерки и активности за спроведување на матичното книговодство, утврдување на генетскиот квалитет и приносот во сточарството и тоа:

- соодветна кадровска екипираност и тоа да има вработено или ангажирано најмалку по две лица за реализирање на секоја од

[1] Детален финансиски извештај е неопходен за спроведување на исплата на превземените активности

програмите за одгледување на добиток утврдени во ЗОПОД на ниво квалификација VI - најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен биотехнички науки, подрачје добиточно производство и/или пчеларство.

- исполнување на поблиските критериуми утврдени во Правилникот за поблиските услови за вршење на одделна јавна услуга спроведување на мерки и активности за спроведување на матичното книговодство, утврдување на генетскиот квалитет и приносот во сточарството.

Евалуирањето се спроведува за секој дел одделно.

Методологијата за изразување на критериумите во бодови за секој дел одделно е следна:

1. Бодови за кадровска екипираност за секј дел одделно – **вкупно 20 бода**
   - За секое вработено или ангажирано лице со соодветна квалификација и компетенција се доделува по 4 бода, но не повеќе од 20 бода по дел.

2. Бодови за техничка опременост - **вкупно 30 бода**

Бодовите за елементот техничка опременост ќе се делат на:

| ВИД НА ТЕХНИЧКА ОПРЕМЕНОСТ ЗА ДЕЛ ГОВЕДАРСТВО | БОДОВИ |
|---|---|
| Теренска опрема | 5 бода |
| Лабораторија за млеко | 5 бода |
| Лабораторија за генетски квалитет | 5 бода |
| Лабораторија принос во говедарството | 5 бода |
| Софтвер и хардвер | 10 бода |
| ВКУПНО | **30 бода** |
| ВИД НА ТЕХНИЧКА ОПРЕМЕНОСТ ЗА ДЕЛ ОВЧАРСТВО | БОДОВИ |
| Теренска опрема | 5 бода |
| Лабораторија за млеко | 5 бода |
| Лабораторија за генетски квалитет | 5 бода |
| Лабораторија принос во овчарство | 5 бода |
| Софтвер и хардвер | 10 бода |
| ВКУПНО | **30 бода** |
| ВИД НА ТЕХНИЧКА ОПРЕМЕНОСТ ЗА ДЕЛ | БОДОВИ |

| КОЗАРСТВО | |
|---|---|
| Теренска опрема | 5 бода |
| Лабораторија за млеко | 5 бода |
| Лабораторија за генетски квалитет | 5 бода |
| Лабораторија принос во козарство | 5 бода |
| Софтвер и хардвер | 10 бода |
| ВКУПНО | **30 бода** |
| ВИД НА ТЕХНИЧКА ОПРЕМЕНОСТ ЗА ДЕЛ СВИЊАРСТВО | БОДОВИ |
| Теренска опрема | 5 бода |
| Лабораторија за генетски квалитет | 10 бода |
| Лабораторија принос во свињарство | 5 бода |
| Софтвер и хардвер | 10 бода |
| ВКУПНО | **30 бода** |
| ВИД НА ТЕХНИЧКА ОПРЕМЕНОСТ ЗА ДЕЛ ПЧЕЛАРСТВО | БОДОВИ |
| Теренска опрема | 5 бода |
| Лабораторија за генетски квалитет | 10 бода |
| Лабораторија принос во пчеларството | 5 бода |
| Софтвер и хардвер | 10 бода |
| ВКУПНО | **30 бода** |
| ВИД НА ТЕХНИЧКА ОПРЕМЕНОСТ ЗА ДЕЛ ЖИВИНАРСТВО | БОДОВИ |
| Теренска опрема | 5 бода |
| Лабораторија за генетски квалитет | 10бода |
| Лабораторија принос во живинарството | 5 бода |
| Софтвер и хардвер | 10 бода |
| ВКУПНО | **30 бода** |
| ВИД НА ТЕХНИЧКА ОПРЕМЕНОСТ ЗА ДЕЛ КОЊАРСТВОТО | БОДОВИ |
| Теренска опрема | 10 бода |
| Лабораторија за генетски квалитет | 10 бода |
| Софтвер и хардвер | 10 бода |
| ВКУПНО | **30 бода** |

**3.** Бодови за цена - **вкупно 50 бода**
Бодовите за елементот цена ќе се доделат според следнава формула:

***Број на бодови** = (**Најниска цена (без ДДВ) * Максимален број на бодови**) / **Цена (без ДДВ)***

## VI. МАКСИМАЛНА ЦЕНА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЈАВНАТА УСЛУГА

Максимална цена за извршување на јавнате услуги за сите делови е 10.000.000,00 (десет милиони) денари со ДДВ, средства предвидени во дел I мерка 6 од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година (,,Службен весник на Р.М. бр. 17/18, 62 и 100/18).

Максималните средства по деловите се:

| ДЕЛ | МАКСИМАЛНА СУМА СО ДДБ (денари) |
|---|---|
| Говедарство | 2.200.000,00 |
| Овчарство | 2.200.000,00 |
| Козарство | 1.200.000,00 |
| Свињарство | 1.700.000,00 |
| Пчеларство | 1.200.000,00 |
| Живинарство | 1.200.000,00 |
| Коњарство | 300.000,00 |
| ВКУПНО | **10.000.000,00** |

## VII. ВРЕМЕНСКИ РОК ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЈАВНАТА УСЛУГА

Извршувањето на јавната услуга - спроведување на мерки и активности од ЗОПОД и развојно истражувачки задачи од подрачјето на изведување на програмите за одгледување за потребите на ЗОПОД за 2018 година ќе започнат по потпишување на договорот. Финансискиот извештај кој треба да вклучива број на посети и трошоци за секоја од посетите, број на спроведени анализи, број на извршени софтверски пресметувања , број на водења на евиденција согласно ЗОПОД и број на рабтни часови , треба да бидат составен дел на извештајот и на фактурата за извршените услуги.

## VIII. КОНТАКТ ЛИЦЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ИНФОРМАЦИИ ВО ВРСКА СО СОДРЖИНАТА НА ЈАВНИОТ КОНКУРС

Контакт лице за дополнителни информации во врска со содржината на јавниот конкурс:

1. м-р Жарко Димитриевски на е-пошта: zarko.dimitrievski@mzsv.gov.mk
2. м-р Билјана Ц.Трајкоска на е-пошта: biljana.cibreva@mzsv.gov.mk

## IX . НАЧИН И РОК НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Понудите се доставуваат до Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, со адреса на Улица Аминта Трети број 2.

Понудата и другата документација се доставуваат во затворени коверти, на кој во горниот лев агол треба да стои ознаката: **не отварај, називот на конкурсот.**

Доколку еден понудувач истовремено конкурира за повеќе делови од ЗОПОД треба да достави понуда за секој дел во различни коверти.
Краен рок за поднесување на понудите е 5 (пет) дена од денот на објавување на јавниот конкурс во дневниот печат/сајтот на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство..

## X. ДАТА, МЕСТО И ВРЕМЕ НА ОТВАРАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Понудите ќе бидат отворени во 10.00 часот, третиот нареден работен ден по завршувањето на огласот во просториите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Улица Аминта Трети, број 2.

За избран се смета оној понудувач кој има поголем број на бодови по ревидирање на бодовите по доставените дополнителни понуди.

## XI. НАЧИН НА ИНФОРМИРАЊЕ НА КАНДИДАТИТЕ ЗА ИЗВРШЕНИОТ ИЗБОР

Информирањето на кандидатите за извршениот избор е на е-маил адресата наведена во Тековната состојба издадена од Централен Регистар на Република Македонија.

## XII. ЗАДОЛЖИТЕЛНА ПРОПРАТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Овластените субјекти покрај понудата за вршење на јавна услуга е потребно да ја приложат и следната пропратна документација

1. Тековна состојба од Централниот регистер на Република Македонија.
2. Биланс на состојба и биланс на успех од Централниот регистер на Република Македонија.
3. Решение за овластување.
4. М1/М2 образци .
5. Договор за ангажирани лица
6. Изјава за исполнување на поблиските услови предвидени во правилникот за поблиски услови за вршење на одделна јавна услуга спроведување на мерки и активности за спроведување на матичното книговодство, утврдување на генетскиот квалитет и приносот во сточарството („Службен весник на РМ“ бр.60/2013).

7. Ценовник по кои давателите на услугите би ги извршувале јавните услуги за кои поднесуваат понуда.
8. Документите кои се доставуваат потребно е да бидат во оригинал или копии заверени на нотар.

## XIII. ПОСТАПКА

Постапката на отворање и оценување на понудите ја врши Комисија назначена од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Отварањето, разгледувањето и оценувањето на понудите е јавно.

Понудите кои ќе бидат поднесени по утврдениот рок нема да бидат разгледувани.

Овластени претставници на понудувачите може да бидат присутни на отварањето на пријавите.

Овластената институција од областа на сточарството која добила решение за избор на овластен субјект за вршење на јавна услуга за спроведување на мерки и активности од ЗОПОД и развојно истражувачки задачи од подрачјето на изведување на програмите за одгледување за потребите на ЗОПОД за 2018 година склучува договор со Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**МИНИСТЕР,**
**Љупчо Николовски**

Изработил: Благојче Веселиноски
Контролирал/Одобрил: Трајан Димковски